# medicus

ИНФОРМАТИВЕН ГЛАСНИК НА ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО - ШТИП, ГОДИНА 10, БРОЈ 23, 2015



## ПОТПИШАНА ПОВЕЛБА ЗА ЗАШТИТА НА ЛЕКАРИТЕ

## АМЕРИКАНСКИ ХИРУРЗИ - ОФТАЛМОЛОЗИ ПОВТОРНО ВО КЛИНИЧКА БОЛНИЦА - ШТИП

## ВОВЕДЕНИ НОВИ ОПЕРАЦИИ ВО ХИРУРГИЈАТА

## СПРОВЕДЕНА ТРОМБОЛИТИЧНА ТЕРАПИЈА КАЈ 4 ПАЦИЕНТИ

# ДИЛЕМИ ЗА АБОРТУСОТ

*Др. Александар Митевски*

Дефиницијата за абортусот е истата или слична во сите медицински книги и енциклопедии " **прекин на бременост со отстранување на плодот од утерусот пред негова екстраутерина вијабилност**" . Овде е воопштена за сите абортуси иако тема на есејот е моралната и етичка дилема за индуцираниот абортус кај човекот.

Она за што не зборува дефиницијата е болната одлука и моралната дилема пред која се испречени потенцијалните родители . Абортусот е една од најисполаризираните морални дилеми во кои повеќето се наоѓаат на едната или другата страна оставајќи мал простор за оние кои се неутрални.

Религиозните општества имаат јасен и цврст став по ова прашање иако ни Куранот ни Библијата директно не се обраќаат на абортусот. Тие веруваат дека ова прашање има голема врска со прашањето на животот и смртта, до-



брото и лошото , нешто што не е само во врска со човекот и неговото постоење туку го инволвира и Бог. Затоа нивниот став е дека абортусот е морална грешка .

Иако религиите не даваат адекватен одговор на тоа кога и што сметаме за човечко суштество , сепак абортусот во било кој термин на бременоста го сметаат за убиство на невино и несвесно човечко суштество. Ова пак не дава одговор на прашањето дали смртта е добра или лоша работа. Убиството би било лошо само ако е смртта лоша , а нели рајот е место за невините ...

Од овој аспект религијата не само во однос на абортусот туку и на сите современи дилеми не е во состојба да даде адекватен одговор. Подобро би било да се земе и почитува само како традиционална вредност која давала морални вредности и етички норми во периодот кога била востановена . Секако во тој период одговорите кои ги давала ги задоволувале тогашните општествени услови и побарувања.

Секуларните општества од друга страна прават обид во некои законски рамки да го постават прашањето и решението за абортусот , и истите помалку или повеќе имаат слични правни рамки. Скоро сите дозволуваат абортус во одредени услови и до одредена гестациска старост на плодот , а единствено " on demand" абортусот е забранет.

Постојат два главни правци и групи кои се занимаваат со прашањето на



абортусот во современите општества. Тоа се 'pro-life' и 'pro-choice' ориентираните групи . Едните бараат забрана на абортусот , а другите негова легализација, секој со своите аргументи.

Аргументите против абортусот се главно базирани на ставот дека секое зачнување е човечки живот, или барем ' потенцијален човек' . Абортусот е според тоа убиство кое не треба да е дозволено или барем да е дозволено во посебни услови и состојби.

Од друга страна аргументите кои се во прилог на абортусот тргнуваат од ставот дека ембрионот е само збир на човечки клетки, секако со единствен генетски материјал, но сепак само збир на клетки што не прават морално суштество.Права имаат луѓето , а не ' потенцијалните луѓе'.

Понатаму големо внимание треба да се посвети на специфичните состојби кои и групите против абортусот ги земаат во предвид. Тоа се состојби со сериозни медицински проблеми кои може да се поврзани со здравствената состојба на мајката . Состојби кои го нарушуваат нејзиното физичко и ментално здравје или го доведуваат животот на мајката во прашање. Посебен проблем претставуваат медицинските проблеми на плодот кога постои можност за негова психичка или физичка абнормалност. Овие состојби сериозно ќе го нарушат нормалниот развој и живот . Проблем е и кога зачнувањето е несакано, а кое настанало како резултат на силување. Како несакана бременост се смета и бременост каде родителите заради намален ментален капацитет не се во состојба да сфатат дека сексуалните односи доведуваат до зачнување.

Иако не е медицински, треба да се земат во предвид социоекономската состојба на семејството, дали новороденото сериозно ќе го наруши животниот стандард на семејството , дали семејството е способно да одгледува дете или уште едно дете. Друг и посебен проблем е планирањето на семејството или состојби каде бременоста е настаната ненамерно, непланскi. Абортусот не е метода на избор за планирање на семејството и не ни треба да се смета за таква , но сепак и покрај мноштво на контрацепциски методи и нивната правилна употреба има одреден процент на зачнување.



Правото на абортус во современите општества се гледа како дел од правата на жените, правото да одлучуваат за сопственото тело, половата еднаквост и право за остварување на сопствените потенцијали. Ова право го гледаат као дел од правото за бременост , во кое би имале слобода на избор за прекинување или продолжување на бременоста.

Од сето ова може да се сфати дека дебатата е многу голема и непресушна, но дали некаде сме сретнале нешто за правата и на таткото? Дали некој и него го прашал за мислење ? Ова е посебен дел на кој би се осврнал.`

За таткото најчесто се зборува во ситуација кога тој сака абортус, а мајката е против, многу е поретко таткото да сака да се задржи детето. Кои се правата на таткото во овие случаи.

Во Библијата е предвидена казна за лицето кое ќе предизвика абортус на плодот, но обештетувањето треба да се даде на таткото .Единствено во Кина постои закон за правото на таткото над своето нероденo дете во кој е еднаков со жената во одлуката за прекинување на бременоста. Овие два примери не се најадекватни според моето сфаќање за еднаквоста на половите ниту за современите општества , но не можам ни да се сложам со сегашната положба на мажите посебно во развиените секуларни општества по ова прашање. Имено жената на најлегален начин може да го лиши мажот од правото да стане родител и уште полошо против неговата волја да роди заедничко дете. Не познавам ни еден систем кој ќе дозволи таткото да ја избегне одговорноста за детето иако сакал бременоста да биде прекината. Исто така нема пример каде е направен абортус по еднострано инсистирање на таткото.

Цел на секое современо општество би требало да е постепен премин од ригидните ставови за абортусот кон понеутрален .Тоа би значело поголема свест за правата на жените, секако правата на мажите и правата на приватен живот на индивидуалните членови на едно општество. Треба да се направи програма за издржано здравствено и сексуално воспитување на децата со градење на здрав општествен став кон сексуалноста, а не табуизирање.